КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ

НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА

ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, февруари 2023 година

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА:

1. **Дневен ред..... 3 стр.**
2. **Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 12.03.2022 година..... 4 стр.**
3. **Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 15.10.2022 година..... 12 стр.**
4. **Предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија..... 14 стр.**
5. **Предлог за измени и дополнување на Дисциплинкиот правилник на Карате федерацијата на РС Македонија..... 17 стр.**
6. **Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година…….……..…..... 18 стр.**
7. **Разгледување и усвојување на Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година..... 108 стр.**
8. **Финансов Извештај на Карате федерацијата на РС Македонија со Завршна сметка, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година ……..... 109 стр.**
9. **Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година. ……..… 112 стр.**
10. **Предлог одлука за престанување на членство на клубови во Карате федерацијата на РС Македонија со бришење од евиденција…….....…….119 стр.**

Врз основа на член 28 став 1, согласно член 29 став 1 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, свикувам Годишно Собрание на КФРСМ и го предлагам следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 12.03.2022 година;
3. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 15.10.2022 година;
4. Предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија;
5. Предлог за измени и дополнување на Дисциплинкиот правилник на Карате федерацијата на РС Македонија;
6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
7. Разгледување и усвојување на Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
8. Избор на член и претседател на Одборот за контрола и членови на Извршниот одбор на Карате федерација на РС Македонија;
9. Финансов Извештај на Карате федерацијата на РС Македонија со Завршна сметка, за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година;
10. Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
11. Предлог одлука за престанување на членство на клубови во Карате федерацијата на РС Македонија со бришење од евиденција;
12. Прием на нови членки - клубови во Карате федерација на РС Македонија;
13. Разно, предлози, прашања.

Собранието ќе се одржи на 11 февруари 2023 година (сабота), со почеток во 11:00 часот, во Амфитеатарот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Булевар „Партизански одреди“ бр. 99.

Право на учество и право на глас имаат клубовите кои ги исполнуваат условите од член 16 и 19 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, односно само клубовите кои имаат платено членарина за 2022 година, имаат решение за вршење дејност спорт и имаат активности/настап на натпревари кои ги организира Карате федерацијата на РС Македонија во изминатите две години (2021 и 2022 година). Клубовите кои имаат уплатено годишна членарина и ги исполнуваат претходните услови добиваат гласачко картонче.

На седницата на Собранието ќе се разгледуваат само материјали кои се доставени во писмена форма, најмалку 3 дена пред одржување на седницата на Собранието.

Согласно со член 26, став 2 од Статутот на Карате федерација на РС Македонија, Собранието го сочинуваат претседателите на клубовите - членки на Федерацијата. Претседателот на клубот може да ополномошти и друго лице од клубот кое ќе го претставува клубот на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат Полномошно за претседателот на клубот членка на Карате федерација на РС Македонија или Полномошно за лице кое е ополномоштено од претседателот на клубот.

Полномошното за претседателот на клубот треба да биде пополнето со податоци за претседателот на клубот, за клубот, потпишано од претседателот на клубот и оверено со печат на клубот.

Полномошното за лице кое ќе го ополномошти претседателот на клубот, треба да биде пополнето со податоци за претседателот на клубот, за клубот, за лицето кое ќе го претставува претседателот на клубот, да биде потпишано од претседателот на клубот и да биде заверено на нотар.

Претседател,
Петар Белистојаноски с.р

ЗАПИСНИК

од Вонредното Собрание на Карате федерацијата на Македонија, одражано на ден 12.03.2022 година, во главната сала при домот „Даре Џамбаз“ – Скопје

Претседателот на КФРСМ Петар Белистојаноски, кој согласно Деловникот претседава со Собранието, истото го отвори, ги поздрави сите гости и претставници на присутните клубови.

Собранието едногласно го прифати следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на записникот од Собранието на КФРСМ одржано на ден 29.01.2022 година;
2. Промена на адресата на седиштето на Федерацијата;
3. Избор на членови на Извршен одбор на КФРСМ;
4. Разгледување на мислењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од 08-99/1 од 10.02.2022 година;
5. Извештај од Оборот за контрола на КФРСМ;
6. Извештај од Дисциплинската комисија на КФРСМ
7. Разно

Дневниот ред едногласно беше усвоен.

Точка 1.

Претседателот предложи да се изберат потребните органи како Собранието би можело полноправно да работи и се изврши избор на работни тела во следниот состав:

Верификациона комисија:

1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Лазар Јорданов и
3. Даут Билибани.

Во Изборна комисија :

1. Димче Савовски;
2. Кристијан Младеновски;
3. Нецби Дервиши.

Оверувачи на записникот:

1. Благој Атанасов;
2. Александар Кузмановски;

Записничар:

Игор Миноски.

Едногласно се донесе следната

ОДЛУКА

СЕ ИЗБИРААТ работни тела на Собранието во следниот состав:

Верификациона комисија:

1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Лазар Јорданов и
3. Даут Билибани.

Во Изборна комисија :

1. Муарем Имери;
2. Стојан Андриевски;
3. Кристијан Младеновски.

Оверувачи на записникот:

1. Благој Атанасов;
2. Александар Кузмановски;

Записничар:

- Игор Миноски.

По избор на работните тела, Верификационата комисија се повлече и по извесно време го даде својот извештај според кој констатира:

Вкупно клубови со право на глас се 50 клубови, од кои 37 беа присутни на работата на Собранието.

Верификационата комисија ги објави резултатите од нивниот извештај и се констатира дека Собранието може полноправно да работи и одлучува, што беше едногласно усвоено.

По истата точка за разгледување и усвојување на записникот од Собранието на КФРСМ одржано на ден 29.01.2022 година, едногласно беше донесена следната

ОДЛУКА

Се прифаќа записникот од Собранието на КФРСМ одржано на ден 29.01.2022 година.

Точка 2

По втората точка од дневниот ред претседателот ги информираше делегатите на собранието дека новата адреса на канцеларијата на Карате федерацијата на РС Македонија е ул. Столтенбергова бр.1, Скопје.

Точка 3

По третата точка од дневниот ред претседателот информараше за повлекување на Ивана Аврамова од член на Извршниот одбор на КФРСМ по што едногласно се донесе следната

ОДЛУКА

Се констатира повлекување на Ивана Аврамова како член на ИО на КФРСМ.

По истата точка претседателот Петар Белистојаноски предложи заради усогласување со Законот за спорт, со цел да се обезбеди застапеност од по двајца правници и двајца економисти, во смисла на член 34 став 5 од Статутот на КФРСМ, Извршниот одбор да се зголеми од 9 на 11 членови, по што едногласно се донесе следната

ОДЛУКА

Бројот на членови на Извршниот одбор на Карате федерацијата на РС Македонија да брои вкупно 11 членови.

По истата точка претседателот Петар Белистојановски предложи 3 нови членови на ИО на КФРСМ и тоа:

1. Љупка Секуловска;
2. Сашо Трајков;
3. Шенаси Мемиши.

По истиот предлог едногласно се донесе следната

ОДЛУКА

Се именуваат нови членови на ИО на КФРСМ:

1. Љупка Секуловска;
2. Сашо Трајков;
3. Шенаси Мемиши.

Точка 4

По четвртата точка од дневниот ред, претседателот на Собранието ги извести присутните, дека од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е донесено мислење бр. 08-99/1 од 10.02.2022 година, со кое се констатира дека постои директа и продолжена дискриминација при донесување на одлуката на ИО на Федерацијата за одржување на Балканското првенство во Пореч и одлуката за претстојното Европско првенство за кадети, јуниори и постари јуноири У21 во Прага, Чешка. Воедно со мислењето се дадени препораки: да се одржи вонредно собрание на федерацијата како и да се задолжат дисциплинската комисија и одборот за контрола и истите да спроведат контрола на работата на ИО на КФРСМ и ВД претседателот Драган Стојановски. Во таа смисла,а во интерес на економичност и целисходност, Извршниот одбор побарал од Дисциплинската комисија и Одборот за контрола, да во рамките на своите статутарни надлежности извршат контрола на работата на ИО на КФРСМ и ВД претседателот Драган Стојановски и достават извештај до Собранието и Комисијата.

Во продолжение претседателот укажа дека КФРСМ како во минатото, сега, но и во иднина, во целост придржувајќи се на позитивните правни прописи, вклучувајќи го и Законот за спречување и заштита од дискриминација, останува целосно посветена на унапредување на карате спортот,како и на постигнување на врвни спортски резултати.При тоа укажува дека препораките на КСЗД отстапуваат од содржината на мислењето од 8.2.2022 година,бидејќи во целиот текст се говори за постоење на дискриминација, додека на самиот крај се даваат препораки кои се однесуваат на други области. Во оваа смисла, укажува дека судовите и државните органи кога постапуваат по барања или преставки при донесувањето на одлуките се држат до диспозицијата на подносителите, додека

КСЗД во мислењето дава препораки за преиспитување на целата работа на оваа спортска федерација иако тоа не е предмет на претставката, ниту пак претставува надлежност на оваа институција. Заради тоа, дека ваквиот пристап може, евентуално да се толкува и како форма на притисок врз КФРСМ, особено затоа што оваа спортска федерација нема начин како да го оспори мислењето на КСЗД.

Претседателот укажа дека при разгледувањето на претставките, Комисијата не побарала од подносителите на претставката дали во однос на наводите во претставката претходно побарале органите на КФРСМ да расправаат и да одлучуваат по истите. Истовремено, пак, подносителите, на ниту едно место во нивната претставка не наведуваат кои нивни натпреварувачи се оштетени, односно трпат последици од актите на оваа спортска федерација. Конечно, доколку кон овие констатации се додаде и фактот дека против подносителите на претставката веќе е водена дисциплинска постапка во КФРСМ, може да се извлече заклучок дека мотивите на подносителите на претставката се од друга природа, според нас поврзани со нивната желба од лукративни причини да се наруши угледот и достоинството на органите и на телата на оваа спортска федерација, а со тоа и на карате-спортот во целина. Во оваа смисла, предложи извршниот одбор на оваа спортска федерација да воспостави комуникација со управите на Карате Клубот „Металург“ и на Карате Клубот „Кеикс“, со цел да се обиде да утврди зошто, од една страна, претставниците на овие клубови во Собранието во целост ги поддржуваат политиките и одлуките на оваа спортска федерација, а од друга страна, нивни претставници преземаат чекори кои во целост се спротивни со активностите и со гласањата во органите и во телата на КФРСМ.

Во однос на ставовите на КСЗД во врска со Одлуката на КФРСМ за избор на делегација и натпреварувачи за учество на Балканското првенство во Пореч, Хрватска во 2021 година, укажува дека според членот 12 став 2 од Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции од 2018 година (кој од страна на КСЗД се оценува дека не содржи дискриминаторски одредби), јасно е цитирано дека: „репрезентативец на КФМ за учество на европско, односно светско првенство е прворангираниот натпреварувач во согласност со табелата во членовите 8 и 9“. Во оваа смисла, имајќи во предвид дека репрезентативец на оваа спортска федерација е прворангираниот натпреварувач, слободно може да се заклучи дека второ и третопласираниот натпреварувач не се репрезентативци. Имајќи го во предвид споменатото, смета дека КСЗД извела несоодветен заклучок дека, надводно, со одлуката на Извршниот одбор на КФРСМ биле повредени правата на второпласираните и третопласираните натпреварувачи, односно дека истите биле дискриминирани.

Во со наводите на КСЗД дека оваа спортска федерација е должна да им обезбеди средства на натпреварувачите за настап на споменатото балканско првенство, смета дека тоа е спротивно на одредбата од членот 22 став 1 од Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции од 2018 година. Имено, во споменатиот став, јасно стои дека: „трошоците за настап на репрезентативците на меѓународни првенства (балканско првенство, медитеранско првенство, медитерански игри, европско и светско првенство), паѓаат на товар на клубовите и на натпреварувачите. Според одребата од член 22 став 2 од овој Правилник, пак, јасно се наведува и дека оваа спортска федерација ги рефундира трошоците за подготовки, како и трошоците за наредното европско, односно светско првенство, единствено доколку репрезентативецот ги освоил следните резултати: за сениори кои освоиле од прво до петто место на европско или од прво до седмо место на светско првенство и остварале најмалку две победи во кате и кумите; за јуниори од

18 до 21 година кои освоиле од прво до петто место на европско или од прво до седмо место на светско првенство со најмалку две постигнати победи; за јуниори кои освоиле од прво до трето место на европско или од прво до петто место на светско првенство и остварiле најмалку две постигнати победи; за кадети кои освоиле од прво до трето место на европско или од прво до петто место на светско првенство и остварiле најмалку две постигнати победи.

Поради тоа,имајќи ги предвид одредбите од член 12 став 2 од Правилникот според кој само првопласираниот натпреварувач преставува репрезентативец на КФРСМ, како и одредбата од членот 22 ставови 1 и 2 од Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезенативни селекции од 2018, според кој трошоците за учество на меѓународните првенства паѓа на товар на клубовите и на натпреварувачите, јасно може да се изведе заклучокот дека не можело да постои директна и проложена дискриминација на второ и на третопласираните натпреварувачи како што утврдила КСЗД.

Во однос на ставовите на КСЗД во врска со Одлуката за определување на критериуми и услови за избор на натпреварувачи за европското првенство за кадети, јуниори и постари јуниори за европското првенство во Прага во 2022 година, укажува дека КСЗД вршела оценување на одлука која во моментот на одлучување не постоела. Имено, иако и Комисијата во Мислењето од 8.2.2022 година недвосмислено констатира дека оваа одлука била укината поради ковид 19 пандемијата, сепак таа прави неразбирлив обид, како отежителна околност да прикаже дека оваа спортска федерација настојува свесно да врши продолжена дискриминација, а сé со цел, според нас, за да ги оправда препораките што ги донесува.

Претседателот укажа дека работењето на Извршниот одбор и вршителот на должност претседател на КФРСМ, се правилни и законити.. Во оваа смисла, како потврда на истакнатото, меѓу другите, го акцентираше следните позначајни успеси на оваа спортска федерација: Летни олимписки игри „Токио 2020“, одржани во август 2021 година на кои Пулексенија Јованоска го освои високото деветто место; Медитерански игри „Тарагона 2018 година“ на кои златен медал освојува Берат Јакупи, бронзен медела освојува Жарко Арсовски и бронзен медал освојува Ненад Келебиќ; Младински олимписки игри „Буенос Ариес 2018 година“, на кои бронзен медал освојува Фаик Весели (што претставува прв ваков медал во историјата на државата); Европски игри „Баку 2015 година“ на кои бронзени медали освојуваат Емил Павлов и Мартин Несторовски (што претставуваат први вакви трофеи во историјата на карате спортот во државата). Во однос на светските првенства, пак, ги акцентираме успесите на Емил Павлов, кој во 2021 година освојува сребрен медал, како и Жарко Арсовски кој во 2010 година освојува бронзен медал. Во однос на европските првенства, во наведениот период КФРСМ има освоено 12 сениорски медали, како и над 40 медали во конкуренција на кадети, јуниори и У21. Исто така, повеќе наши спортисти израснаа во европски и во светски ѕвезди од кои најпознатите се и носители на највисоката награда, популарната спортска пензија. Во оваа смисла, посебно се издвојуваат: Емил Павлов - златен медал 2014 и 2018 година, бронзен медал 2016 и 2019 година, бронзен медал на европските игри „Баку 2015 година“, прв македонски спортист кој освоил трофеј на европските игри; Наташа Илиевска - златен медал 2011 година, сребрен медал 2009 година; Берат Јакупи - сребрен медал 2017 година, бронзен медал 2013 година, медитерански шампион за 2018 година, а претходно четири пати европски шампион во помлади категории и освојувач на бронзен медал на светско првенство за У21; Мартин Несторовски - бронзен медал на европско првенство 2015 година, како и бронзен медал на

европските игри Баку 2015 година. Хронолошки, пак, од 2008 година до крајот на 2021 година освоени се следните медали на сениорските европски првенства; Ардита Исени, бронзен медал во Талин 2008 година; Наташа Илиевска, сребрен медал во Загреб 2009 година; Огнен Груевски, бронзен медал во Атина 2010 година; Наташа Илиевска, златен медал (европски шампион) 2011 во Цирих; Берат Јакупи, бронзен медал во Будимпешта 2013 година; Емил Павлов, златен медал (европски шампион) во Тампере 2014 година; Мартин Несторовски, бронзен медал во Истанбул 2015 година; Емил Павлов, бронзен медал во Монпелје 2016 година; Берат Јакупи, сребрен медал во Коџаели 2017 година; Прв медал со статус на олимписки спорт, по изборот на карате за Токио 2020 година; Јована Ѓоргиева, бронзен медал во Коџаели 2017 година; Емил Павлов, златен медал (европски шампион) во Нови Сад 2018 година и Емил Павлов, бронзен медал во Гвадалахара 2019 година.

Освен споменатото, потенцира и дека карате како спорт е единствено и според тоа што во овој период сите тројца селектори, тренери на државните репрезентации во борби се добитници на Државната награда „8 септември“, што претставува голема потврда за квалитетот кој го постигнуваат каратистите на врвните меѓународни натпреварувања. Така, Бошко Заборски е добитник во 2013 година, Петар Белистојаноски во 2017 година, Сашко Арсовски во 2018 година, а Бесник Мурати во 2020 година. Во оваа смисла, на изборот на спортисти на годината, пак, на кој учествуваат најрелевантните медиуми, национални спортски федерации и Советот за спорт во АМС, КФРСМ била секогаш номинирана во финалниот избор, а дури три пати била прогласувана за најдобра спортска федерација: прв пат во 2011 година, втор пат во 2016 година, додека трет пат во 2018 година. На оваа најзначајна спортска државна манифестација за најдобри спортисти биле прогласувани: Елвир Куртановиќ во 1993 година, Петар Белистојаноски во 1994 година, Иво Цветковски во 2007 година, Наташа Илиевска Јордановска во 2009, 2010 и 2011 година, Емил Павлов во 2018 година, Пулексенија Јованоска во 2019 година, додека Вероника Костовска во 2020 година.

Вкупно земено успесите на КФРСМ се заокружуваат со високото државно признанание кое во 2019 година му беше доделено на поренешниот претседател на оваа спортска федерација. Имено, на Драган Стојановски, како претседател на КФРСМ му беше доделена највисоката награда од областа на спортот - признанието за животно дело „8 септември“ кое традиционално се доделува по повод Денот на независноста на денешна Република Северна Македонија.

По ова излагање на претседателот се отвори дискусија и за збор се јавија повеќе дискутанти меѓу кои:Стојан Андриевски,Бошко Заборски,Благој Атанасов,Александар Кузмановски,Бесник Мурати и др. кои во целост ја подржаа дискусијата на преседателот, ги повторија успесите на оваа Федерација, укажувајќи дека до 2007 година немало освоен ниту еден сениорски медал, дека добрата работа на претседателот и Извршниот одбор довела до тоа да Федераљцијата во последните 10 гидини биде 3 пати прогласувана за најдобра спортска федерација,а нејзините натпреаврувачи да се прогласуваат за најдобри спортисти,тренери и истите се добитници на наразлични спортски признанија.

Врз основа на сите дискусии изнесени од присатните на денешното Собрание,истото ги донесе следните

ЗАКЛУЧОЦИ

1.Собранието констатира дека Карате федерацијата, во минатото, сега, но и во иднина, во целост придржувајќи се до позитивните правни прописи, вклучувајќи го и Законот за спречување и заштита од дискриминација, останува целосно посветена во **реализација** на **своите програмски задачи утврдени со Законот за спорт,актите на Агенцијата за млади и спорт и Статутот, а се со цел** за натамошно **унапредување на карате спортот и постигнување на врвни спортски резултати;**

2.Собранието на КФРСМ смета дека Мислењето на Комисијата од 8.2.2022 година, а во врска со Одлуката за балканското првенство во Пореч и Одлуката за европското првенство за кадети, јуниори и постари јуниори У21 во Прага, **е погрешно и неправилно ,спротивно на материјалното право,бидејќи** ги интепретирала фактите кој не кореспондираат со фактичката состојба и спротивно на **истите** утврдува постоење на директна и продолжена дискриминација, **заради што:**

а) Собранието на КФРСМ предлага КСЗД да го повлече или укине Мислењето од 8.2.2022, за постоење на директна и продолжена диркиминација, **со оглед да не е сторена никаква дискриминација со одлуката за балканското првенство:**

б) Комисијата спротивно на уставот и законот,водела постапка и донесувала заклучоци и по однос на одлуката за европското првенство во Прага, која одлука е укината и не постои,заради што Комисијата постапката по оваа одлука требала да ја запре;

в) Собранието на КФРСМ смета и дека ваквиот пристап на КСЗД со Мислењето од 8.2.2022 година, може да се толкува и како форма на притисок, **затоа** што оваа спортска федерација нема начин како да ги оспори изнесените наводи пред второстепен орган. **Ова особено што мислењето и препораките веќе произведуваат штетни правни последици по Карате федерацијата, бидејќи се изнесуваат во јавните медиујуми и на тој начин во јавноста се стекнува негативно мислење за Федерацијата и нејзиното работење;**

3.Собранието на КФРСМ смета дека КСЗД во Мислењето од 8.2.2022 година, **погрешно и неправилно изведува заклучоци по однос на финансирањето на натпреварувачите,кога определува дека распределба на средтсвата (трошоци за пат,храна и сл.),треба да се врши линеарно на сите категории. Со ваквата уравниловка се оневозможува функционирање на Федерацијата, како и постигнување на врвни спортски резултати. Укажуваме дека резултатите постигнати од сениорите и постари јуниори У21 на светските и европските првенства се единствен критериум на КФРСМ пред Агенцијата за млади и спорт за добивање на средства за наредната година;**

4.Собранието, во согласност со своите надлежности, афирмирајќи ја својата поддршка кон Извршниот одбор и кон вршителот на должност претседател на КФРСМ, потврдува дека раководењето со оваа спортска федерација е успешно и во согласност со зацртаните цели, при што, како потврда на изнесеното укажува дека оваа спортска федерација во изминатите 10 години е најтрофејната федерација, три пати е прогласувана за најдобра државна федерација, нејзините

натпреварувачи, тренери, раководство и претседател во континуитет редовно се добитници на највисоки државни признанија и награди;

5.Собранието на КФРСМ го задолжува извршниот одбор на оваа спортска федерација да воспостави комуникација со управите на Карате Клубот „Металург“ и на Карате Клубот „Кеикс“, со цел да се обиде да утврди зошто, од една страна, претставниците на овие клубови во Собранието во целост ги поддржуваат политиките и одлуките на оваа спортска федерација, а од друга страна, нивни претставници преземаат чекори кои во целост се спротивни со активностите и со гласањата во органите и во телата на КФРСМ;

6.Собранието на КФРСМ ја потврдува одлуката на Извршниот одбор, со која се задолжуваат Дисциплинската комисија и Одборот за контрола, во согласност со своите статутарни надлежности да извршат контрола на работењето и документацијата на Извршниот одбор и на вршителот на должност претседател на КФРСМ и за наодите писмено да ја известат Комисијата;

7.Во согласност со соодветната препорака од Мислењето на КСЗД од 8.2.2022 година, со број 08-99/1, се задолжува стручната служба на КФРСМ овие заклучоци да се достават до КСЗД.

Точка 5

По петтата точка од дневниот ред беше презентиран извештајот на Одборот за контрола на работата на Извршниот одбор и вд претседателот и се заклучи истиот да се достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Точка 6

По шестата точка од дневниот ред беше презентиран извештајот на Дисциплинската комисија, за контрола на работата на Извршниот одбор и вд претседателот и се заклучи истиот да се достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Точка 7

Собранието го разгледа и поднесокот од Мирче Јанушевски и Елвир Куртановиќ,кој е доставен истовремено и до Комисијата и до федереацијата, затоа што се споменати во записникот на Дисциплинската постапка дека против нив во 2019 година е водена дисциплинска постапка.Поднесокот се отфрла како неоснован, бидејќи во истиот се изнесуваат невистини и лаги, со цел да се омаловажи работењето на Федерацијата,нејзините органи,вклучувајќи ја дисциплинската комисија.Имено, во поднесокот повторно се изнесуваат невистини во врска со дисциплинската постапка и донесената одлука, без да се наведе дека именованите воделе судски спор пред Основниот суд Скопје 2 Скопје, во кој предмет е донесена пресуда со која се одбива нивната тужба. Од друга страна, дисциплинската комисија при изготвување на извештајот и материјалите за работење на ИО и в.д.претседателот, од годишните материајли за работа на федерацијата,констатирала водење на дисциплински постапка во последните шест години.

Собранието со оваа точка заврши со својата работа.

ЗАПИСНИК

од Вонредното Собрание на Карате федерацијата на Македонија, одражано на ден 15.10.2022 година, во главната сала при домот „Даре Џамбаз“ – Скопје

Претседателот на КФРСМ Петар Белистојаноски, кој согласно Деловникот претседава со Собранието, истото го отвори, ги поздрави сите гости и претставници на присутните клубови.

Собранието едногласно го прифати следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
    - Верификациона комисија;
    - Записничар и
    - Оверувачи на записникот.
2. Гласање на доверба на претседателот на КФРСМ Петар Белистојаноски;

Дневниот ред едногласно беше усвоен.

Точка 1.

Претседателот предложи да се изберат потребните органи како Собранието би можело полноправно да работи и се изврши избор на работни тела во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:

4. Ахмедин Марукиќ, претседател
5. Лазар Јорданов;
6. Даут Билибани;
7. Бошко Заборски;
8. Гоце Петров и
9. Илбер Реџепи.

Оверувачи на записникот:

3. Благој Атанасов;
4. Кристијан Младеновски;
5. Гоце Андреевски и
6. Оливер Милорадовски.

Записничар:

Игор Миноски.

Собранието на почетокот од својата работа едногласно ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ ИЗБИРААТ работни тела на Собранието во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:

1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Лазар Јорданов;
3. Даут Билибани;
4. Бошко Заборски;
5. Гоце Петров и
6. Илбер Реџепи.

Оверувачи на записникот:

1 Благој Атанасов;
2 Кристијан Младеновски;
3 Гоце Андриевски и
4 Оливер Милорадовски.

Записничар:

Игор Миноски.

По избор на работните тела, Верификационата комисија се повлече и по извесно време го даде својот извештај според кој констатира:

Вкупно клубови со право на глас се 68 клубови, од кои 68 беа присутни на работата на Собранието.

Верификационата комисија ги објави резултатите од нивниот извештај и се констатира дека Собранието може полноправно да работи и одлучува, што беше едногласно усвоено.

Точка 2

По втората точка на дневниот ред се премина на тајно гласање за доверба на претседателот на КФРСМ Петар Белистојаноски, по што Изборната комисија ги преброи сите гласачки ливчиња и го констатира следното:

По прашањето дали сте за доверба на Петар Белистојаноски да остане претседател на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, Изборната комисија утврди дека 35 делегати гласале за ДА и 31 за НЕ додека 2 ливчиња се неважечки.

Според истите резултати Изборната комисија констатира дека Петар Белистојаноски останува претседател на Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

Собранието со оваа точка заврши со својата работа.

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ број 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и член 32 став 2 алинеја 1 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија (пречистен текст донесен на 29.01.2022 година), Собранието на Федерацијата на седницата одржана на 11.02.2023 година донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија

Член 1

Се врши усогласување на одредбите од Статутот на Карате федерацијата на РС Мкдонија со Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ број 52/2010 , 135/2011 и 55/2016) и Законот за спортот (Сл. Весник на РМ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016, 190/2016, 98/2019 и 244/2019) а кое се состои во следното:

Во член 10 постојниот текст се брише и се заменува со следниот текст:

Член 10

Работата на Федерацијата се заснива на начелата на јавност и транспарентност.

Јавноста и транспарентноста во работата на Федерацијата се остварува особено преку:

- Поднесување, до членовите на Собранието на Федерацијата, на годишен извештај за работата на Извршниот одбор и останатите тела и органи, во кој се содржани сите настани и активности реализирани од страна на Федерацијата, со Финасиски извештај за годината на која се однесува извештајот, негово доставување во електронска и печатена форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Информирање на членките на Федрацијата за сите општи акти (статут, правилници, и други општи акти) и поединечни акти (одлуки, решенија, заклучоци и сл.) донесени од страна на Собранието, Извршниот одбор, како и на останатите тела на Федерацијата, со кои се утврдуваат права и обврски на спортистите, тренерите, судиите и клубовите членки на Федерацијата, нивно доставување во електронска форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Информирање на членките на Федерацијата за констатациите и извештаите од Одборот за контрола, за работата на органите и телата на Федерацијата, нивно доставување во електронска форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Присуство на претставник на карате клубот и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од карате спортот, членки на Федерацијата, на седниците на Извршниот одбор и телата на Федерацијата, кога се разгледуваат иницијативи, предлози и материјали

доставени во пишана форма од нивна страна, а се однесуваат на прашања од работата и надлежноста на Федерацијата;

- Доставување на членките на Федерацијата, во електронска форма, на извештаи и програми за работа, календар за организација на натпревари за тековната година, финасиски програми, извори на приходи, нивно стекнување и трошење, материјално- финансиско работење и друго и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;

• Овозможување на увид на службени лица во: извештаите и програмите за работа, финасиските програми, изворите на приходи, нивното стекнување и наменско трошење, материјално-финансиското работење и други прашања од работата на Федерацијата;
• Информирање преку интерни гласила, билтени, стручни списанија, дневен печат, радио, телевизија, ВЕБ страницата на КФРСМ и на друг начин за работата на Федерацијата.

Член 2

Во член 21 по ставот 3 се додава став 4 со следниот текст:

Лице на кое му е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија или заради изречена дисциплинска казна е под суспензија (се додека трае суспензијата) не може да би бирано на било која функција во Карате федерацијата на РС Македонија.

Член 3

Во членот 26 постојниот текст се брише и се заменува со следниот текст:

Член 26

Собранието е највисок орган на Федерацијата.

Собранието го сочинуваат:

• претседателите на карате клубовите членки на Федерацијата и
• претседателите на организационите облици на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти во карате спортот, членки на Федерацијата.

Претседателите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член, во случај на спреченост, можат да ополномоштат, со нотарски заверено полномошно и друго лице, кое ќе го претставува претседателот на седницата на Собранието.

Мандот на членовите на Собранието трае колку што изнесува мандатот на претседателите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 1 од овој член не можат да учествуваат во работата на Собранието и да гласаат ако не платиле членарина повеќе од една година или ако не учествувале во активностите на Федерацијата повеќе од две години.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 2 од овој член не можат да учествуваат во работата на Собранието и да гласаат ако не платиле членарина повеќе од една година.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 1 и 2 и ополномоштените лица од нив не можат да учествуваат во работата на Собранието доколку им е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија, или заради изречена дисциплинска казна се наоѓаат под суспензија, се додека им трае суспензијата.

Собранието избира претседател.

Мандатот на претседателот на Федерацијата трае четири години.

Исто лице може да биде избрано за претседател на Федерацијата, најмногу два четиригодишни мандати последователно и истото лице може повторно да биде избрано по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.

Членовите на Собранието на Федерацијата за својата работа одговараат пред членовите на Собранието на карате клубовите и членовите на Собранието на организационите облици од став 2 алинеја 2 од овој член, членки на Федерацијата.

Член 4

Во членот 28 текстот во став 2 алинеја 2 се менува и гласи:

- најмалку една третина од вкупниот број на карате клубовите и организационите облици на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти во карате спортот, членки на Федерацијата.

Во членот 28 текстот во став 6 се менува и гласи:

Трошоците за свикување на Собранието ги сносат свикувачите на Собранието, во случајот од став 5 од овој член.

Во член 28 по ставот 6 се додава нов став 7 со следниот текст:

Прашањата кои се разгледувале и за кои Собранието донело одлука по истите на Вонредно собрание на Федерацијата, може повторно да се постават на дневен ред и да се расправа по истекот од најмалку една година од одржувањето на Вонредното собрание и донесувањето соодветна одлука.

Член 5

Оваа Статутарна одлука влегува во сила во ро о 8 дена од денот на усвојувањето на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија.

Член 6

Да се изготви пречистен текст на Статутот на Карате федерацијата на Македонија и да се достави до Централниот регистар на Република Северма Македонија за пререгистрација.

Врз основа на член 32 став 2 алинеја 1 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Собранието на Федерацијата, постапувајќи по предлогот на Извршниот одбор, на седницата одржана на 11.02.2023 година, го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за работа

на Дисциплинската комисија на КФРСМ

Член 1

Се врши изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија донесен на 20.01.2018 година (пречистен текст) кое се состои во следното:

Текстот од член 8 став 1 алинеја 1,2 и 3 се брише и се заманува со следниот текст:

Во дициплинска постапка можат да се изречат следните казни:

1.забрана за вршење дејност;

2.парична казна;

3.опомена и

4. исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија.

Во член 8 по ставот 7 се додава нов став 8 со следниот текст:

Исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија може да се изрече само за најтешки престапи и ако настанале особено тешки последици па така останувањето на сторителот во Карате федерацијата на РС Македонија штети на угледот на Карате федерацијата на РС Македонија и карате спортот.

Член 2

Во член 13 став 1 по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 со следниот текст:

7. Како член на Собранието или член на Извршниот одбор на Федерацијата со своето однесување и постапување врши повреда на пропишаниот ред и нарушување на текот на одржување на седницата и не се придржува до одредбите од Деловникот за работа на Собранието, односно до одредбите од Деловникот за работа на Извршниот одбор на Федерацијата, за што од страна на претседателот на Федерацијата му е изречена мерка отстранување од седницата.

Член 3

Овој Правилник за изменување и дополнување претставува составен дел на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија од 20.01.2018 година (пречистен текст).

Член 4

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија од 20.01.2018 година (пречистен текст) влегува во сила 8 дена по донесување на истиот од страна на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КФРСМ

Петар Белистојаноски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

Вовед

Како и претходните години и оваа 2022 година Карате федерацијата на РС Македонија ја започна на најдобар можен начин. И овогодинешниот избор на најдобри спортисти за 2021 година организирано од страна на Агенцијата за млади и спорт и Сојузот на спортски федерации, не остана без номинации за Карате федерацијата на РС Македонија, нејзините спортисти и стручни лица. И оваа година беа предложени Емил Павлов во категоријата Спортист на годината, Пулексенија Јованоска во категоријата Спортистка на годината, Столе Смилковски во категоријата Млад спортист на годината, Александар Кузмановски во категојата за најдобар тренер, Карате националниот тим во сениорска конкуренција за најуспешен национален тим и Карате федерацијата на РС Македонија за најуспешна федерација. Федерациите и стручното жири му доделија признание на нашиот млад каратист Столе Смилковски, со доделување на главната награда за Најуспешен млад спортист за 2021 година.





Активности на КФРСМ

Карате федерацијата на РС Македонија на почетокот на годината го донесе и го објави Календарот на натпревари за 2022 година:

Календар за натпревари за 2022 година		
ВРЕМЕ	НАСТАН	ЛОКАЦИЈА
МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА		
21-23.01.2022	СКФ Младинска лига	Акапулко, Мексико
28-30.01.2022	СКФ Серија А	Салзбург, Австрија
18-20.02.2022	СКФ Премиер лига	Фуџиарах, ОАЕ
11-13.03.2022	СКФ Премиер лига	Рабат, Мароко
15-17.04.2022	СКФ Премиер лига	Лисабон, Португалија
29.04-01.05.2022	СКФ Младинска лига	Кипар
11-15.05.2022	Европско првенство за сениори	Газиантеп, Турција
03-05.06.2022	Балканско првенство за сениори	Белград, Србија
03-05.06.2022	Балканско првенство за деца	Белград, Србија
10-12.06.2022	СКФ Серија А	Каиро, Египет
17-19.06.2022	Европско првенство за кадети, јуниори и У21	Прага, Чешка
26-27.06.2022	Медитерански игри	Оран, Алжир
27-30.06.2022	СКФ Младински камп	Пореч, Хрватска
01-03.07.2022	СКФ Младинска лига	Пореч, Хрватска
08-09.07.2022	Светски игри	Бирмингем, САД
02-04.09.2022	СКФ Премиер лига	Баку, Азербејџан
23-25.09.2022	СКФ Серија А	Коџаели, Турција
07-09.10.2022	СКФ Премиер лига	Москва, Русија
26-30.10.2022	Светско првенство за кадети, јуниори и У21	Коња, Турција
04-06.11.2022	Балканско првенство за кадети, јуниори и У21	Бар, Црна Гора
11-13.11.2022	СКФ Серија А	Хангзу, Кина
09-11.12.2022	СКФ Младинска лига	Венеција, Италија
ДРЖАВНА ПРОГРАМА		
26.02.2022	Државно првенство за сениори	Скопје
27.02.2022	Плеј-оф турнир за сениори	Скопје
16.04.2022	Државен изборен турнир за кадети, јуниори и У21	Гостивар
17.04.2022	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21	Гостивар
16-17.04.2022	Државно првенство за деца	Гостивар
24.09.2022	Куп на Македонија за кадети, јуниори и У21	Охрид
25.09.2022	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21 (откажан)	Конкурс
26.11.2022	Државно изборно првенство за кадети, јуниори и У21	Гостивар
04.12.2022	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21	Скопје

КЛУБСКИ ТУРНИРИ		
02.04.2022	Фунакоши Гичин Опен 2022	Скопје
14.05.2022	Солидарност Опен 2022	Скопје
22.05.2022	Охрид Опен 2022	Охрид
28.05.2022	Гази Баба Опен 2022 (откажан)	Скопје
01-02.10.2022	Струга Опен 2022	Струга
08.10.2022	Грдановски Никола - Ника 2022	Скопје
22-23.10.2022	Златен Куп Тетово 2022	Тетово
12-13.11.2022	13 Ноември	Скопје
19.11.2022	Меѓународен турнир Тетово Опен 2022	Тетово
19.11.2022	Гостивар Опен 2022 (откажан)	Гостивар
03.12.2022	Ѓорче Петров куп 2022	Скопје

Репрезентативците на Карате федерацијата на РС Македонија во сениорска конкуренција настапија на следните меѓународни првенства:

Европско првенство за сениори Газиантеп, Турција

Време и место на одржување: 11-15.05.2022, Газиантеп, Турција

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ХРИСТИЈАН АНДРИЌ	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката тим	без пласман	0
КРИСТИЈАН БАЈОВСКИ	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката	без пласман	0
ФАХИК ВЕСЕЛИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
ФАХИК ВЕСЕЛИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ПЕТАР ЗАБОРСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
БЕРАТ ЈАКУПИ	АСИАРТ - ГОСТИВАР	сениори	кумите	без пласман	1
БЕРАТ ЈАКУПИ	АСИАРТ - ГОСТИВАР	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ПУЛЕКСЕНИЈА ЈОВАНОСКА	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката	без пласман	0
ВЕРОНИКА КОСТОВСКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	5-то	2
ВЕРОНИКА КОСТОВСКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	0

МАРИЈА МИЛЕВА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
МАРИЈА МИЛЕВА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	0
АНГЕЛА МОЈСОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
АНГЕЛА МОЈСОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	0
ДОАН ОСМАНИ	ФАТИ - ТЕТОВО	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ЕМИЛ ПАВЛОВ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ДАВИД ПЕТКОВ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
САРА РАДИЧЕВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	0
ПЕТАР СПАСЕНОВСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	4
ПЕТАР СПАСЕНОВСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
АЛЕКСАНДАР СПАСОВСКИ	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката тим	без пласман	0
ДАВИД СПАСОВСКИ	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката тим	без пласман	0
ГРИГОР ХАЦИ-КИМОВ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите	без пласман	3
ГРИГОР ХАЦИ-КИМОВ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите тим машки	без пласман	0

Медитерански игри за сениори Оран, Алжир

Време и место на одржување: 26-27.06.2022, Оран, Алжир

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ЕМИЛ ПАВЛОВ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите	без пласман	0

Балканско првенство за сениори Белград, Србија

Време и место на одржување: 03-05.06.2022, Белград, Србија

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
МАРТИНА АРСОВСКА	ГЛАДИЈАТОР - ВЕЛЕС	сениори	ката	без пласман	1

ФАХИК ВЕСЕЛИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	3
ФАХИК ВЕСЕЛИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	1-во	2
ЈОВАНА ГЕОРГИЕВА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	3
ЈОВАНА ГЕОРГИЕВА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	0
СИМОНА ЗАБОРСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	0
СИМОНА ЗАБОРСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ПЕТАР ЗАБОРСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	3
ПЕТАР ЗАБОРСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	1-во	2
ВИКТОРИЈА ЈОВАНОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
МУРСЕЉ МИСИНИ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите тим машки	1-во	2
МУРСЕЉ МИСИНИ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите	без пласман	0
АНГЕЛА МОЈСОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	3
АНГЕЛА МОЈСОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	0
ВЕГИМ МУРАТИ	ШКЕНДИЈА - ТЕТОВО	сениори	кумите тим машки	1-во	2
ДОАН ОСМАНИ	ФАТИ - ТЕТОВО	сениори	кумите тим машки	1-во	2
ДОАН ОСМАНИ	ФАТИ - ТЕТОВО	сениори	кумите	без пласман	1
МОНИКА ПЕНДАРОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	0
МОНИКА ПЕНДАРОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ГЛИГОР ПЕТКОВ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	1-во	2
ГЛИГОР ПЕТКОВ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
ДАВИД ПЕТКОВ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
СТЕФАН ПЕТРЕСКИ	ЧОЛЕ - ОХРИД	сениори	кумите	без пласман	1
МАРИЈА ПЕТРОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
ПЕТАР СПАСЕНОВСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	1-во	2
ПЕТАР СПАСЕНОВСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ВИТОМИР ТРАЈКОВСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	2-ро	4

ДРИТОН ХАЛИМИ	ФАТИ - ТЕТОВО	сениори	кумите	без пласман	2
ТЕОДОРА ЦВЕТКОСКА	ВАРДАР - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0

Карате 1 Премиер лига Фуџиарах, ОАЕ

Време и место на одржување: 18-20.02.2022, Фуџиарах, ОАЕ

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ПЕТАР ЗАБОРСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
АНГЕЛА МОЈСОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
АЛЕКСАНДАР НЕДЕЛКОВСКИ	МЕТАЛУРГ - СКОПЈЕ	сениори	ката	без пласман	0
ЕМИЛ ПАВЛОВ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите	без пласман	0
ПЕТАР СПАСЕНОВСКИ	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1

Карате 1 Серија А Коџаели, Турција

Време и место на одржување: 23-25.09.2022, Коџаели, Турција

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ЈОВАНА ГЕОРГИЕВА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
ВЕРОНИКА КОСТОВСКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	5-то	5

ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ:

Европско првенство за сениори Газиантеп, Турција, 11-15.05.2022 година

Петар Спасеновски го освои третото место во Категорија борби +84 килограми и со тоа се





стекна со награда за спортист од Светска категорија.

Вероника Костовска го освои петто место во Категорија борби -61килограм и со тоа се стекна со награда за Спортист од Меѓународна категорија.

Останатите репрезентативци кои настапија на Европското првенство останаа без пласман.



Балканско првенство за сениори Белград, Србија, 03-05.06.2022 година

Прво место освои **Машката екипа во борби во состав: Фахик Весели, Петар Заборски, Мурсељ Мисини, Вегим Мурати, Доан Османи, Глигор Петков, Петар Спасеновски.**

Второ место во поединечна конкуренција освои: **Витомир Трајковски.**

Трето место во поединечна конкуренција освоија: **Фахик Весели, Јована Георгиева, Петар Заборски, АНГЕЛА МОЈСОВСКА.**

Трето место освои и **Женксата екипа во борби во состав: Јована Георгиева, Симона Заборска, АНГЕЛА МОЈСОВСКА, Моника Пендаровска.**

Карате 1 Серија А

Коџаели, Турција 23-25.09.2022 година

Вероника Костовска го освои петтото место во сениорска конкуренција.

Репрезентативците на Карате федерацијата на РС Македонија во младинска конкуренција настапија на следните меѓународни првенства:

Европско првенство за кадети, јуниори и У21 Прага, Чешка

Време и место на одржување: 17-19.06.2022, Прага, Чешка

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ЈУСРА АДЕМИ	КЕИКС - СКОПЈЕ	јуниори	кумите	без пласман	0
АНДРЕА АЛЕКСОВСКА	ГЛАДИЈАТОР - ВЕЛЕС	јуниори	ката	без пласман	0
РУДИНА АЛИУ	ЦВЕТАН ДИМОВ - СКОПЈЕ	јуниори	кумите	без пласман	0
АНДРЕЈ АНГЕЛОВСКИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	јуниори	кумите	без пласман	1
ХРИСТИЈАН АНДРИЌ	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	јуниори	ката тим	5-то	1
КАТЈА АПОСТОЛОВСКА	ТИГАР 2003 - ТЕТОВО	кадети	кумите	без пласман	0
ЛУКА БАЦКОВИЌ	ГЛАДИЈАТОР - ВЕЛЕС	кадети	кумите	без пласман	0
БЕРНА БЕКИРИ	ФОРЦА - СКОПЈЕ	сениори У21	кумите	без пласман	0
МАТЕЈ БЕЛИСТОЈАНОСКИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	јуниори	кумите	без пласман	2
ИЛИ БИЛАЛИ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	јуниори	кумите	без пласман	2
ЈАНИНА ДАРДХИШТА	ФОРЦА - СКОПЈЕ	кадети	кумите	без пласман	0
ХАМЗА ЗУЛАЛИ	ДРИНИ - СТРУГА	јуниори	кумите	без пласман	1
ВИКТОРИЈА ЈОВАНОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори У21	кумите	без пласман	1
БОЈАН КОСТОВ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори У21	кумите	без пласман	0
ЈОВАНА МАНЧЕВСКА	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори У21	ката	без пласман	0
МАРИЈА МИЛЕВА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори У21	кумите	без пласман	0
ЉУПЧЕ МИХАЈЛОВ	ШТИП - ШТИП	јуниори	кумите	3-то	5
ЈОВАНА МИЦОВСКА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	јуниори	кумите	без пласман	2
МАРТИНА ПЕТРЕСКА	ЧОЛЕ - ОХРИД	кадети	кумите	без пласман	1

Големо внимание оваа година се посвети на помладите судии кои се здобија со можности за судења и збогатување на нивното судиско искуство. И во иднина ќе се работи на зголемување на бројот на нови, млади судии и едукација на судиите преку Судиско тренерските семинари, тренинзи во клубовите со новите судии, давање шанса на сите кои сакаат да учествуваат и да напредуваат во судиската организација на КФРСМ.

И во годината што доаѓа ќе се применуваат новите судиски правила, сите промени кои доаѓаат од Светската карате федерација и ќе се продолжи со учества на сите настани во делот на судење и полагање. Судиската организација ќе помага на секој начин, во објаснување и примена на судиските правила, на нашите тренери и спортисти секогаш ќе им бидеме на располагање и заедно да се радуваме и во иднина на уште многу успеси на карате и на каратистите.

Претседател на СК на КФРСМ
Благој Атанасов

ЛЕКАРСКАТА КОМИСИЈА

Лекарската комисија своите активности во изминатата 2022 ги извршуваше во согласност со актите на КФРСМ.

Работата беше насочена во согласност со календарот на натпревари за 2022, на официјални домашни натпревари, клубски турнири и меѓународни натпревари.

Радува што на сите натпревари, каде официјално имаше лекар одреден од страна на лекарската комисија, повредите беа од лесен и средно лесен карактер и не се соочивме со посериозни повреди.

Лекарите одредени од страна на комисијата беа присутни на сите официјални првенства и плеј офф натпревари во сите возрасни категории организирани од страна на КФРСМ. Повредите беа од лесен и средно лесен карактер и за секој натпревар има табеларен приказ на повредите.

Од клубските турнири од официјалниот календар на КФРСМ, лекарската комисија извршуваше обврски и задачи на следните турнири:
Солидарност Опен, Меморијален турнир организиран од КК Металург, меѓународен турнир 13 Ноември (КК Цветан Димов), Тетово Опен и Ѓорче Петров Куп.

Од меѓународни турнири, лекари од лекарската комисија имаше на Балканското првенство за деца во Белград, Светското првенство за кадети, јуниори и У21 во Коња и на Балканското првенство за истите категории во Бар.

На наведените натпревари немаше сериозни повреди, а се интервенираше во случај на настинки, стомачни тегоби и стари повреди кај натпреварувачите и кај членовите на експедициите.

Со почит
Д-р Ангел Панев

КОМИСИЈАТА НА КОМЕСАРИ

ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА:

	Време	Настан	Комесар
1	12.03.2022	Државно првенство за сениори	Ахмедин Марукиќ
2	13.03.2022	Плеј-оф турнир за сениори	Даут Билибани
3.	24.09.2022	Државното изборно првенство за кадети, јуниори и У21	Даут Билибани
4.	25.11.2022	Државното изборно првенство за кадети, јуниори и У21	Ахмедин Марукиќ
5.	27.11.2022	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21	Ахмедин Марукиќ

- ### Државно првенство за сениори

Државното првенство за сениори се одржа на 13.03.2022 година во спортската сала на о.у. „Крсте Мисирков“ каде комесар беше Ахмедин Марукиќ и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одвиваше на две борилишта во спортска атмосфера.

- ### Плеј оф за сениори

Плеј оф турнирот за сениори се одржа на 13.03.2022 година во спортската сала на о.у. „Крсте Мисирков“ каде комесар беше Даут Билибани и врховен судија Благој Атанасов. На натпреварот во категорија -55кг жени кумите помеѓу Симона Заборска (КК Макпетрол) и Марија Милева (К.К.Олимпик) со победа заврши за Симона Заборска (К.К Мак Петрол). По прогласувањето на победата родител од К.К.Олимпик фрли пластично шише на татамито така искажувајќи го незадоволството на прогласувањето на победата среќа не беше повреден никој. Иститот родител беше замолен да ја напушти спортската салата веднаш со обезбедувањето од натпреварот.

Мечот машки категорија -75 кг меѓу Петар Заборски (К.К.Мак Петрол) и Глигор Хаџидимов (К.К. Партизан) по прогласувањето на победникот во ова категорија проследено беше со вербална расправија меѓу такмичарот од К.К.Мак Петрол и дел од публиката каде што интервенираше обезбедувањето.

- ### Државно изборно првенство за кадети, јуниори и У21

Државното изборно првенство за кадети, јуниори и У21 се одржа на 24.09.2022 во спортската сала „Билјанини Извори“ во Охрид, каде комесар беше Даут Билибани и врховен судија Боби Војдиновски. Натпреварот се одржа на две борилишта организирани од натреварувачка комисија на КФРСМ со реномирани судии со високи лиценци на ЕКФ и ВКФ. При мерењето имаше неколку натреварувачи со различна килажа од пријавената

категорија и беа преместени во соодветната категорија. На натпреварот не беа доделени казни за натреварувачи или тренери. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосфера.

- **Државно изборно првенство за кадети, јуниори и У21**

Државното изборно првенство за кадети, јуниори и У21 се одржа на 25.11.2022 во спортската сала Младост во Гостивар, каде комесар беше Ахмедин Марукич и врховен судија Атанасов Благој. Натпреварот се одржа на три борилишта организирани од натреварувачка комисија на КФРСМ со реномирани судии со високи лиценци на ЕКФ и ВКФ. На натпреварот имаше и странски судии од Бугарија -2 и Црна Гора -3. На натпреварот учество земаа 231 натреварувач од 47 клубови во Македонија. Натпреварот се одржа во фер и коректна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21**

Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21 се одржа на 27.11.2022 во спортската сала Работнички во Скопје, каде комесар беше Ахмедин Марукич и врховен судија Атанасов Благој. Натпреварот се одржа на две борилишта организирани од натреварувачка комисија на КФРСМ со реномирани судии со високи лиценци на ЕКФ и ВКФ. На натпреварот учество земаа 208 натреварувач од 37 клубови во Македонија. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

КЛУПСКИ ТУРНИРИ:

	Време	Настан	Комесар
1.	02.10.2022	Струга опен 2022	Дејан Чолевски
2.	08.10.2022	Никола Грдановски – Нике 2022	Ахмедин Марукич
3.	22.10.2022	Златен Куп - Тетово	Димче Савевски
4.	12.11.2022	13 Ноември – Скопје	Димче Савевски
5.	13.11.2022	13 Ноември – Скопје	Ахмедин Марукич
6.	20.11.2022	Тетово опен 2022	Димче Савевски
7.	04.12.2022	Ѓорче Петров Опен 2022	Ахмедин Марукич

- **Струга Опен 2022**

Меѓународен турнир Струга опен 2022 се одржа на 02.10.2022 организиран од Карате клуб Дрини Струга во спортската сала Тими во Струга, каде комесар беше Дејан Чолевски и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одржа на четири борилишта организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натпреварот учествуваа 61 клуб со 510 натпреварувачи од 5 држави, Македонија, Албанија, Косово, Црна Гора и Србија. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **Никола Грдановски – Нике 2022**

Меѓународен турнир Никола Грдановски – Нике 2022 организиран од Карате клуб Металург Скопје се одржа на 08.10.2022 во спортската сала Методиј Андонов - Ченто во Скопје, каде комесар беше Ахмедин Марукич и врховен судија Боби Војдоновски. Натпреварот се одржа на три борилишта организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натпреварот учествуваа 30 клуба со 246 натпреварувачи од Македонија. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **Златен Куп - Тетово**

Меѓународен турнир Златен Куп – Тетово 2022 се одржа на 22.10.2022 организиран од Карате клуб Шкендија - Тетово во спортската сала Никоја Штејн во Тетово, каде комесар беше Димче Савевски и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одржа на три борилишта организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натпреварот учествуваа 34 клуба со 434 натпреварувачи од Македонија, Бугарија, Косово и Албанија. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **13 Ноември – Скопје**

Меѓународен турнир 13 Ноември – Скопје се одржа на 12.11.2022 организиран од Карате клуб Цветан Димов од Скопје во спортската сала Јане Сандански (мала сала) во Скопје, каде комесар беше Димче Савевски и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одржа на три борилишта организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натреварот учествуваа 17 земји со 614 натпреварувачи од кој првиот ден учество земаа 330. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **13 Ноември – Скопје**

Меѓународен турнир 13 Ноември – Скопје се одржа на 13.11.2022 организиран од Карате клуб Цветан Димов од Скопје во спортската сала Јане Сандански (мала сала) во Скопје, каде комесар беше Ахмедин Марукич и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одржа на три борилишта организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натреварот учествуваа 17 земји со 614 натпреварувачи од кој вториот ден учество земаа 384. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **Тетово опен 2022**

Меѓународен турнир Тетово опен 2022 се одржа на 20.11.2022 организиран од Карате клуб Фати од Тетово во спортската сала Никола Штејн во Тетово, каде комесар беше Димче Савевски и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одржа на четири борилишта

организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натпреварот учествуваа 39 клуба со 406 натпреварувачи. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

- **Ѓорче Петров Опен 2022**

Меѓународен турнир Ѓорче Петров опен 2022 се одржа на 04.11.2022 организиран од Карате клуб Ѓорче Петров до Скопје во спортската сала Ѓорче Петров - Македонија, каде комесар беше Ахмедин Марукич и врховен судија Благој Атанасов. Натпреварот се одржа на три борилишта организирани од натреварувачка и судиска комисија на КФРСМ. На натпреварот учествуваа 28 клуба со 322 натпреварувачи. Натпреварот се одржа во фер и корекна атмосвера без казни за натреварувачи или тренери.

Од приложеното 2022 година беше целосно исполнета предвидената државна програма за натпревари и клубски турнири спроведена според правилниците на КФРСМ. Комесарите на натпреварите беа одредувани по близина на живеење и според можноста за присуство на тој ден. На сите горе наведени натпревари комесарите сметам дека правилно и транспарентно ја извршиле својата должност во рамките на правилниците на КФРСМ за што ја како координатор на комисијата сум им Благодарен.

Координатор на комисија за комесари

Димче Савевски

КОМИСИЈАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Комисија за регистрација во текот на 2022 година евидентира регистрирано 883 натпреварувачи за 71 карате клубови.

Во Текот на 2022 година Комисија за регистрација објавува два преодни рока од 15 Јануари до 30 Јануари односно од 15 Јуни до 30 Јуни во кои натпреварувачите кој сакаат да поминат во друг клуб ги доставуваат документите за пререгистрација кои пота се разгледуваат од страна на комисијата која понатаму носи одлука за тоа дали натпреварувачот може да се пререгистрира или треба да се плати обештетување и истото се праќа до засегнатите страни.

На натпреварувачите кои им се одобрува пререгистрација им се издава нов натпреварувачи картон со истиот број што го имал претходно и една копија од тој картон се става во неговото досие поради хронологаја на движењето на натпреварувачот.

Во базата на КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА од промената на натпреварувачките картони и воведување на новите ИД броеви во базата КФРСМ има вкупно 3626 натпреварувачи од кои за 2022 се имаат новорегистрирани или ја обновиле регистрацијата 883 натпреварувачи.

Регистрациона комисија при
КФРСМ
Претседател
Игор Миноски

Тројца селектори со највисоки ВКФ лиценци

Карате федерацијата на Македонија во 2022 година доби уште тројца лиценцирани тренери од страна на Светската карате федерација со највисоко 2 ниво на сертификација односно за селекторите: Берат Јакупи и Дејан Ристески со WKF Certified Kumite Coach и Нецби Дервиши со WKF Certified Kata Coach.



НЕЦБИ ДЕРВИШИ, БЕРАТ ЈАКУПИ, АРЛИНД ХУСЕИНИ И ДЕЈАН РИСТЕСКИ

Избор на најдобрите во КФРСМ за 2022 година

Карате федерацијата на РС Македонија на свеченост во Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје ги избра најдобрите за 2022 година. Бронзениот од Европското првенство, Петар Спасеновски е избран за најдобар каратист на Македонија во борби, додека Вероника Костовска го доби признанието кај дамите. Најдобар во конкуренција на кати кај сениорите е Кристијан Бајовски додека кај дамите Пулексенија Јованоска.

Најдобри во сениорска категорија кумите (мажи и жени)

НАЈУСПЕШНИ КЛУБОВИ, ТРЕНЕРИ И НАТПРЕВАРУВАЧИ ЗА 2022 ГОДИНА

НАЈУСПЕШЕН КЛУБ ВО СЕНИОРСКА КОНКУРЕНЦИЈА
- Макпетрол - Скопје
НАЈУСПЕШЕН ТРЕНЕР ВО СЕНИОРСКА КОНКУРЕНЦИЈА
- Заборски Бошко
НАЈУСПЕШЕН КЛУБ ВО МЛАДИНСКА КОНКУРЕНЦИЈА
- Макпетрол - Скопје
НАЈУСПЕШЕН ТРЕНЕР ВО МЛАДИНСКА КОНКУРЕНЦИЈА
- Заборски Петар



НАЈУСПЕШНИ СЕНИОРИ
Ката сениори - машки
- Кристијан Бајовски ФУНАКОШИ ГИЧИН – СКОПЈЕ
Ката сениори - женски
- Пулексенија Јованоска ФУНАКОШИ ГИЧИН – СКОПЈЕ
Кумите сениори - машки
- Петар Спасеновски
Кумите сениори - женски
- Вероника Костовска ОЛИМПИК СПОРТ 2007

НАЈУСПЕШНИ СЕНИОРИ ДО 21 ГОДИНА

Ката сениори до 21 година - машки

- Марко Бунтески ГЛАДИЈАТОР – ВЕЛЕС

Ката сениори до 21 година - женски

- Мартина Арсовска ГЛАДИЈАТОР – ВЕЛЕС

Кумите сениори до 21 година - машки

- Стефан Стојановиќ - МАКПЕТРОЛ – СКОПЈЕ

Кумите сениори до 21 година - женски

- Марија Петровска МАКПЕТРОЛ – СКОПЈЕ

НАЈУСПЕШНИ ЈУНИОРИ

Ката јуниори - машки

- Андреј Пешков ФУНАКОШИ ГИЧИН – СКОПЈЕ

Ката јуниори - женски

- Анастасија Минговска УСКАНА – КИЧЕВО

Кумите јуниори - машки

- Љупче Михајлов - ШТИП – ШТИП

Кумите јуниори - женски

- Сара Дука УРАНИКУ – ДЕБАР

НАЈУСПЕШНИ КАДЕТИ

Ката кадети машки

- Нуредин Дервиши УСКАНА – КИЧЕВО

Ката кадети женски

- Дхурата Мемети ФОРЦА - СКОПЈЕ

Кумите кадети - машки

- Андреј Стојчевски КИЗАМЕ - СКОПЈЕ

Кумите кадети - женски

- Драгана Ефтимовска ШТИП – ШТИП






















ПРИЗНАНИЕ

УЧЕСТВО НА КОНГРЕСИ НА ЕКФ И ВКФ

Делегација на Карате федерацијата на РС Македонија учествуваше на Конгресот на Европската карате федерација одржан на 24.05.2022 година во Газиантеп, Турција и на Конгресот на Светската карате федерација, одржан на 25.10.2022 година во Коња, Турција.

КОНГРЕС НА ЕКФ

Конгресот на Европската Карате Федерација се одржа на 24.05.2022 година, во конгресната сала од официјалниот хотел во Газиантеп, со почеток во 15:00 часот. Во работата на конгресот учествуваа претседателот на КФРСМ г-дин. Петар Белистојаноски како делегат и Бесник Мурати, потпретседател на КФРСМ.

По завршување на формалностите на регистрација конгресот го отвори претседателот на ЕКФ Еспиноз и откако се утврди кворумот се усвои и дневниот ред:

1.Прозивка;
2. Уводен говор на претседателот на ЕКФ и на претседателот на Турската карате федерација;
3. Обраќање и извештај на претседателот;
4. Усвојување на записникот од 2021 година на Конгресот во Пореч, Хрватска;
5. Извештај на генералниот секретар;
6. Извештај за Европските игри 2023 во Полска од техничкиот делегат Конрад Полторзецки;
7. Извештај за активностите на ЕУСА од Давор Ципек;
8. Технички извештај од претседателот на Комисијата за спорт на ЕКФ за изминатата 2021 година;
9. Финансиски извештај од благајникот; ревизорски извештај за 2021 година; финансиски извештај за 2021 година (благајник); буџет 2023 година (благајник). Усвојување на финансискиот извештај за 2021 година и на буџетот 2023 година;
10. Презентација на младинскиот камп и куп WKF 2022 во Пореч, Хрватска;
11. Долгорочно планирање на Европското првенство. Официјална презентација на 2022 година ЕКФ Јуниорски, кадети и У21 шампионати во Прага (Чешка), 2023 година, кадети јуниори и У21 во Кипар и сениори 2023 во Шпанија. Распределба на идни настани на ЕКФ;
12. Друга надлежна дејност;
13. Следен конгрес;
14. Затворање на Конгресот;

По уводниот говор на Претседателот во кој ја истакна успешноста на предходната година, и успешно реализираните Европски Првенства во Пореч и Тампере, Светското Првенство во Дубаи, како и квалификациите за Олимписки Игри во Париз и самите Олимписки Игри во Токио и сите Премиер и Јуниорски лиги, како и Серија А, се обрати и домаќинот, новиот претседател на Турската федерација, кој се заблагодари и истакна дека напорно ќе работи во активностите за што подобро функционирање на ЕКФ.

По усвојувањето на записникот од 2021 година од Конгресот во Пореч, Хрватска имаше и кратко излагање на генералниот секретар на ЕКФ Давор Ципек, во чие излагање повторно имаше пофалби за активностите во 2021 година.

По точката 6 имаше излагање техничкиот делегат Конрад Полторзецки од Полска по повод Европските игри во Полска 2023, каде истакна дека првично каратето било симнато од програмата на игрите, но по нивното големо ангажирање каратето ќе биде во програмата на игрите, а потоа и кратко објасни како одат подготовките и начинот на квалификации.

Во точката 7 господинот Давор Ципек имаше излагање за активностите, бројот на пријавени учесници и текот на поврзаноста за студенските игри.

Претседателот на спортската комисија Бенетело, даде извештај за функционирањето на комисијата и нејзините наредни активности, а во точката 9 доста кратко и скромно беше презентиран финансовиот извештај за 2021 и буџет за 2023 и истите беа усвоени.

Генералниот секретар на Хрватската карате федерација, имаше презентација за Јуниорската лига и младинскиот камп во Пореч, а потоа своја презентација имаше и Претседателот на Чешката карате федерација за кадетско, јуниорско, У21 Европското првенство во Прага.

Во точка 11 имаше потврдување и откажување на наредните Европски првенства во 2023 кадети/јуниори/У21 ќе биде во Лимасол (Кипар) во Февруари, а додека сениорското во Март во Гвадалахара (Шпанија) за кои првенства со видео запис имаа презентација претседателите на Кипар и Шпанија.

Во 2024 кадети/јуниори/У21 требаше да се одржи во Грузија но поради откажувањето остана празно со напомена во брзо време да се понуди организатор, а сениорското е во Сплит (Хрватска), а за 2025 својата организација ја потврдија за кадети/јуниори/У21 Шведска и за сениори Баку (Азербејџан).

Бидејќи немаше други прашања се закажа наредниот конгрес на ЕКФ 2023 во Гвадалахара и претседателот Еспиноз го затвори конгресот.




Слика на репрезентацијата во меѓународниот аеродромот СКОПЈЕ – Скопје



Делегатите на Конгресот



Претседателот Еспинос со Извршниот Комитет на ЕКФ

Во текот на работата на Конгресотсо претседателот на КФРСМ

- **КОНГРЕС НА СКФ**

Конгресот се одржа во Коња, Турција во официјалниот хотел Debeman Konya Hotel & Convention Center, Room Balo A-B на 25.10.2022 година. На конгресот од страна на КФРСМ со полномоно учествуваше Претседателот на Федерацијата Петар Белистојаноски, а во работата на конгресот учествуваше и Бесник Мурати, потпретседател на КФРСМ. Овој Конгрес беше изборен и се одржа според следниот Дневен ред:

1. Конгресна административна формалност;
1.1.Регистрацијата на делегатите се отвори во 14:00.
2.Прозивка;
2.1. Генералниот секретар на ВКФ, г-дин Тошихиса Нагура, одржа прозивка во 15:00 часот. Во тоа време присутни беа 102 Национални федерации од кои 96 имаа право на глас.
3. Во чест на починатите;
3.1. На конгресот беа претставени видеа во знак на сеќавање на многубројните каратисти што починаа од последниот конгрес. Претседателот на ВКФ потоа го водеше конгресот во минута молк да им се оддаде почит.
4. Одобрување на дневниот ред;
4.1. Бидејќи не беа дадени коментари на дневниот ред, дневниот ред беше ОДОБРЕН без приговори.
5. Воводен говор на претседателот на ВКФ и на претседателот на Турската карате федерација;
5.1 Претседателот на ВКФ, г-дин Антонио Еспинос, го повика конгресот да започне со работа и ги поздрави делегатите изразувајќи благодарност до Карате федерацијата на Турција за превземањето за домаќини на првенството. Тој дополнително ја изрази важноста што ние уште еднаш имаме можност да се сретнеме.
5.2.Претседателот на WKF потоа му даде збор на претседателот на Карате федерацијата на Турција, кој им посака добредојде на делегатите на конгресот и првенството.
6.Усвојување на записникот од конгресот во Дубаи 2021 година;
6.1.Едногласно се усвои записникот од 2021 година од Конгресот во Дубаи, УАЕ
7. Извештај на претседателот;
7.1.Претседателот Антонио Еспинос се обрати до конгресот давајќи свое резиме и ја истакна успешноста на предходната година, и успешно реализираните континентални првенства, Светското Првенство во Дубаи, како и квалификациите за Олимписки Игри во Париз и самите Олимписки Игри во Токио и сите Премиер и Јуниорски лиги, како и Серија А.
8. Извештај на генералниот секретар. Прашања за членството;
8.1. Кратко излагање имаше генералниот секретар на ВКФ Тошихиса Нагура, во чие излагање повторно имаше пофалби за активностите во 2021 година.
9.Гласање за трајно отстранување на Норвешка федерација за боречки вештини (Norges Kampsportforbund);

9.1.Кратко излагање од претседателот на Норвешка федерација за боречки вештини (Norges Kampsportforbund)
9.2.Се премина во гласање за трајно отстранување на Норвешка федерација за боречки вештини (Norges Kampsportforbund) при што со големо мнозинство се изгласа остранување од ВКФ поради мешање на стилски купови и турнири надвор од ВКФ.
10. Гласање за постојана припадност:
-Норвешки карате федерација (Norsk Karateforbund) .
-Соломонски Острови
-Барбадос
-ДПР Кореја;
10.1. Претседателите на Норвешка карате федерација (Norsk Karateforbund), Соломонски Острови,Барбадос и ДПР Кореја имаа претставување на своите федерации.
10.2.Се гласаше и едногласно беа примени во семејството на ВКФ.
11. Гласање за промените на Статутот на ВКФ. Статутот на ВКФ одобрен од Извршниот Комитет;
11.1. Статутот се менува главно во соодносот на членки во Извршниот Комитет и комисиите, кои промени претходно беа дистрибуирани до сите НФ, и без коментари промените беа едногласно усвоени.
12. Избори
-Претседател на ВКФ
-Член на Извршниот комитет на ВКФ;
12.1. Во времето на почеток на гласачкиот процес, 97 национални федерации со право на глас ги добија своите инструкции и по прозивка еден по еден ги зедоа гласачките ливчиња и гласаа посебно за претседател посебно за членови на извршниот комитет.
12.2. Беа изброени валидни гласачки ливчиња и како резултат на тоа претседател во период од шест години и следните членови на ИК беа избрани за период од четири години:
President: Antonio ESPINÓS - Spain
1st Vice President: José GARCIA MAAÑON - Argentina
General Secretary: Toshihisa NAGURA- Japan
General Treasurer: Michael DINSDALE - Great Britain
2nd Vice President: Nasser ALRAZOOQI - United Arab Emirates
3rd Vice President: Béchir CHERIF - Tunisia
Vice President and Sports Commissioner: Gunnar NORDAHL - Norway
Vice President and OKF rep.: Michael KASSIS - Australia
Vice President & Commissioner for Para-Karate and Refugees: Wolfgang WEIGERT - Germany
Ass. Gen. Treasurer: Souleymane GAYE - Senegal
Ass. Gen. Secretary: Davor CIPEK - Croatia
Member and AKF rep.: Rashid AL ALI - United Arab Emirates
Member: Ibrahim AL GANNAS - Saudi Arabia
Member: Mohammad AL RUSTAM TUN SERI SETIA - Malaysia
Member: Davide BENETELLO – Italy
Member and EKF rep.: Jiri BOCEK - Czech Republic
Member: Samantha DESCIDERIO - Mexico
Member: Makarita LENOA - Fiji
Member and UFAK rep.: Mohamed MAHROUS ELDAHRAWY - Egypt
Member: Jose A. MENDEZ - Puerto Rico (
Member: Mohamed Tahar MESBAHI - Algeria
Member: Antonio MORENO - Spain
Member: Craig VOKEY - Canada
Member: Sarah WENNERSTRÖM - Sweden
13. Извештај за Светскиот шампионат во Коња;

13.1. Претседателот на Организацискатa комисија на WKF, г-дин Естебан Перез го даде својот извештај за првенството. Настанот се одвиваше според планот.
14. Стратешко планирање на ВКФ за 2023-2025 година, ажурирања и имплементација;
14.1. Стратешкиот план беше претставен со воведени измени врз основа на влез на помали национални федерации.
14.2 Индивидуално светско првенство за сениори: Настанот ќе се одржи во две фази каде што првата фаза носи број на учесници до 32 по категорија.
15. Ратификација на предлогот на Извршниот Комитет за Светско екипно првенство 2024 година во Памплона (Шпанија);
15.1. Екипен светски шампионат за сениори ќе се одржи во Памплона Шпанија 2024 година. Тимовите ќе се квалификуваат според континенталните првенства: Европа 5, Океанија 1, Азија, Африка, Америка по 3, домаќин и 4 прво рангирани од последното Светско првенство.
16. Понуда на карате за вклучување на Олимписките игри во ЛА 2028;
16.1. Претседателот Еспиноз ја истакна можноста за карате да биде во програмата за игрите во САД 2028 година и истакна дека ние мора да ги зајакнеме нашите напори и стремежи кон Игрите во Лос Анџелес во 2028 година. И покрај неуспехот да не се добие мето во програмата за Игрите во 2024 година во Париз ги имаме сите причини да се бориме за нашето вистинско место во Олимписката програма, а искуството во Париз се покажа колку е одлучувачко да се има активна поддршка на локалните власти.
16.2.Генералниот секретар Тошихиса Нагура ги објасни активностите кои беа и кои следуваат во преговорите за карате да се најде на Олимписките игри во Лос Анџелес во 2028 година.
17. Извештај на претседател на Комисија за спорт;
17.1. Презентација за новите измени имаше Ескаланте каде изнесе дека од 1 Јануари 2023 ќе почне електронско судење наместо знаменца, воведување нови категории кај кадетки и јуниорки, кимона во боја, еден вид на казни (дозволено 4 казни, 5 казна дисквалификација), кои измени и судиски и натпреварувачки ќе бидат објаснети на семинари и објавени на официјалната ВКФ веб страна.
18. Извештај за пара-карате и спортисти за бегалци;
18.1. Потпретседател и комесар за пара-карате и бегалци, г-дин Волфганг Вајгерт, го даде својот извештај на Конгресот.
18.2. На олимписките игри во Токио учествуваа 29 бегалци спортисти од 12 олимписки спортови. Во Карате имавме двајца спортисти
18.3. Бидејќи карате не беше примен на ИПЦ до јуни 2016 година, не можеше да биде дел од Параолимписки игри во Токио. Нашата следна шанса да се добие место се игрите во Лос Анџелес во 2028 година.
18.4.Извештај имаше претседавачот Аугустовикова (Словачка) и презентација за проект застапеноста на жената во карате структурите.
19. Презентација на WKF Youth Camp & Youth League 2023 во Пореч (Хрватска);
19.1. Претседателот на Хрватската карате федерација Давор Ципек, имаше презентација за Јуниорската лига и младинскиот камп во Пореч
20. Презентација на Светското првенство за сениори 2023 во Будимпешта (Унгарија);
20.1. Презентација имаше претседателот на Н.Ф
21. Презентација на Светско првенство кадети, јуниори и У21 2024 година во Венеција (Италија);
21.1. Презентација имаше претседателот на Н.Ф Давиде Бенетело
22. АОСВ;
22.1. Ниту еден случај не беше покренат
23. Следен конгрес;
23.1.Следниот конгрес на ВКФ ќе се одржи 2023 година за време на ВКФ сениорско Светското првенство во Будимпешта, Унгарија.
23.2. Претседателот Еспиноз го затвори конгресот.



Зедничка слика на нашата репрезентација пред спортската сала Konya Spor ve Kongre Merkezi



Говорот на на Претседателот на СКФ Г-дин. Антонио Еспинос



Членовите на Извршниот Комитет на СКФ



Слика во Конгресната сала



Момент од свечаното отварање




Поздравниот говор на Претседателот на СКФ г-дин. Антонио Еспинос





Нашите репрезентативци на свечаното отварање





Изгледот на салата во која се одржуваше првенството






Нашите двајца медалисти



Со генералниот секретар на СКФ Toshihisa Nagura и генералниот секретар на ЕКФ Давор Ципек, претседателот на Турската карате федерација Аслан Абид Угус и бившиот светски првак Е. Идризи



Судијата Раде Стефановски



Селекторите Дејан Ристевски, Неџби Дервиши и Берат Јакупи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА Р.С.МАКЕДОНИЈА
ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА

ГОДИШЕН ИЗВЕТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА КФМ

Одборот за контрола на КФРСМ до Собранието на КФРСМ го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

Согласно член 43 од Статутот на Карате Федерацијата на Р.С.Македонија Одборот за контрола врши контрола над:

- примената и спроведувањето на одредбите од Статутот на Федерацијата и други општи и поединечни акти на Собранието, Извршниот одбор и работните тела на Извршниот одбор на Федерацијата;
- користење на финансиските и материјалните средства како и на вкупниот имот кој ги користи и со кој управува Федерацијата;
- вкупната активност на Федерацијата од аспект на доследна примена на законите и другите прописи во нејзината работа.

На Одборот за контрола беа давани и ставани на увид : документацијата на КФРС Македонија и финансиските документи од Сервисното сметководство.

Претставник на Одборот беше поканување на сите седници на Извршниот одбор на КФРСМ и со тоа имаше континуиран увид во работењето на Извршниот одбор.

Врз основа на тоа Одборот за контрола ги донесува следните заклучоци:

1. Сите седници на Извршниот одбор се одржани со потребниот кворум согласно член 36 од Статутот на КФРСМ, а одлуките се донесени со потребното мнозинство. За итни одлуки Извршниот одбор се изјаснувал и по електронски пат како што е предвидено во истиот член на Статутот. Одлуките се донесени со потребното мнозинство од членовите на Извршниот одбор.
   Донесените одлуки се од доменот на работата на Федерацијата и се во согласност на позитивните законски прописи на Република С.Македонија.

2. Во 2022 година финансиските средства се трошени наменски за дејност на федерацијата. За сите потрошени средства постои уредна финансиска документација во сервисното сметководство .

Членови на одборот

1. Арбен Алији , Претседател
2. Игор Смилевски , Член
3. Миланчо Черкезов , Член

ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
– Сервисно сметководство
Период 01.01.2022-31.12.2022 година

ПРИХОДИ:

1. Вкупен приход на редовна сметка---------- 3.260.374,00----------			
-Пренесени средства од 2021 година			470.232,00
-средства за Проект ЕРАСМУС+	15.043,00		
-средства за функција на КФМ	455.189,00		
-Приход-уплати за регистрација			537.400,00
-Приход-уплати за годишна членарина од клубови			798.700,00
-Приход-уплати за семинари-тренери и судии			207.000,00
-Приход-уплати за учество на државни првенства			603.700,00
-Приход-уплати за учество на меѓународни првенства			153.134,00
-Приход-уплати за дисциплинска постапка			1.200,00
-Приход-уплати од донации и спонзорства			487.955,00
-Приход-позитивни курсни разлики			1.053,00
2. Вкупен приход на сметка АМС---------- 2.230.192,00----------			
-Пренесени средства од 2021 година			694.032,00
-функционалност на НСФ	138.363,00		
-млади спортски надежи	555.199,00		
-проект жената во спортот-Ј.П.	470,00		
-Приход- рангирани младински клубови			250.000,00
-Приход- програмски-млади спортски надежи			400.000,00
-Приход- проект-жената во спортот			200.000,00
-Приход- награда-М.Кристијан			39.822,00
-Приход- награда-З.Бошко			101.087,00
-Приход- награда-З.Петар			39.822,00
-Приход- награда-А.Кузмановски			505.429,00
3. Вкупен приход на сметка ИГРИ НА СРЕЌА----------1.902.826,00----------			
-Пренесени средства од 2021 година			152.826,00
-национален систем натпревари	1.780,00		
-котизации во меѓународни асоцијации	5.792,00		
-меѓународни натпревари-Е.Павлов	45.254,00		
-меѓународни натпревари-Ј.Пуликсенија	100.000,00		
-Приход-национален систем натпревари			150.000,00
-Приход-меѓународни натпревари-ЕП Газиантеп			700.000,00
-Приход-меѓународни натпревари-Емил Павлов			300.000,00
-Приход-меѓународни натпревари			600.000,00
4. Вкупен приход на сметка ВАУЧЕР---------- 1.756.396,00 ----------			
-Пренесени средства од 2021 година			156.396,00
-Донација-ваучер-Макстил СД Скопје			600.000,00
-Донација-ваучер-НЛБ Тутунска банка АД Скопје			1.000.000,00

ВКУПЕН ПРИХОД ЗА 2022		**9.149.788,00**	

РАСХОД:

1. Вкупен расход на редовна сметка---------- 3.071.958,00 ----------	
-Расход-банкарска провизија	28.687,00
-Расход-функционалност на НСФ	134.316,00
-Расход-бруто плата и надоместоци на вработено лице	417.966,00
-Расход-бруто исплати-организација ДП,подготовки,семинари	1.646.983,00
-Расход-котизации,патни,сместување,храна-меѓународни натпревари	844.006,00
2. Вкупен расход на сметка АМС---------- 2.049.673,00----------	
-Расход- програмски-млади спортски надежи	781.249,00
-Расход- функционалност на НСФ	138.354,00
-Расход- рангирани младински клубови	250.000,00
-Расход- проект-жената во спортот	193.910,00
-Расход- награда-М.Кристијан	39.822,00
-Расход- награда-З.Бошко	101.087,00
-Расход- награда-З.Петар	39.822,00
-Расход- награда-А.Кузмановски	505.429,00
3. Вкупен расход на сметка ИГРИ НА СРЕЌА---------- 1.898.251,00----------	
-Расход-меѓународни натпревари -Ј.Пуликсенија-вратени на АМС	100.000,00
-Расход-национален систем натпревари	151.978,00
-Расход-меѓународни натпревари-ЕП Газиантеп	700.976,00
-Расход-меѓународни натпревари-Емил Павлов	345.297,00
-Расход-меѓународни натпревари	600.000,00
4. Вкупен расход на сметка ВАУЧЕР---------- 1.487.192,00----------	
-Расход-банкарски провизии и функционалност на НСФ	74.378,00
-Расход-плати и надоместоци на сл.лица	62.893,00
-Расход-патни- организација натпревари и подготовки во земјата	28.320,00
-Расход-патни,сместување,храна- натпревари и подготовки во странство	832.802,00
-Расход-семинари и усовршувања-судии,тренери	92.890,00
-Расход-наем на сали за натпревари,магацин за опрема	11.470,00
-Расход-комуналии за функција на НСФ-струја,телефони	22.792,00
-Расход-котизации-меѓународни тела и асоцијации	361.647,00
ВКУПЕН РАСХОД ЗА 2022	**8.507.074 ,00**

Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А

ВКУПЕН ПРИХОД	9.149.788,00
ВКУПЕН РАСХОД	8.507.074,00
Средства за пренос во наредна година	642.714,00

Парични средства-сметка-редовна	186.150,00
Парични средства-сметка-редовна-Алфа	2.266,00
Парични средства-сметка-АМС	180.519,00
Парични средства-сметка-Игри на среќа	4.575,00
Парични средства-сметка-Ваучер	269.204,00
Вкупно парични средства за пренос	642.714,00

ПРЕГЛЕД

НА ПРЕНЕСЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО НАРЕДНА ГОДИНА ПО СМЕТКИ И НАМЕНИ

Парични средства-сметка-редовна		186.150,00
Парични средства-сметка-редовна-Алфа		2.266,00
Вкупно парични средства за пренос-редовна		188.416,00

-проект- млади спортски надежи	/22	173.950,00
-проект- жена во спортот	/22	6.560,00
-функционалност на НСФ	/22	9,00
Вкупно по наменски ставки за пренос АМС		180.519,00

-котизации во меѓународни асоцијации /21	5.792,00
-меѓун.натпревари Е.Павлов	- 43,00
-меѓун.натпревари Газиантеп	- 976,00
-национален систем натпревари	- 198,00
Вкупно по наменски ставки за пренос-Игри на среќа	4.575,00

Парични средства-сметка-Ваучер	269.204,00
Вкупно парични средства за пренос-Ваучер	269.204,00

Пренесените средства на сметката-Ваучер ,Карате федерација на Македонија како корисник на средства од даночното ослободување примените донации може да ги користи за повеке видови на трошоци по ставки наведени во Член 14-д,14-ѓ и 14- е од Закон за спортот.

Скопје,02.02.2022 Сервисно сметководство на ССФМ

НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Во оваа 2023 година ќе се организираат следните Национални првенства, подготовки на репрезентациите:

1. Државно првенство за сениори
2. Државно првенство за натпреварувачи од 11-14 години
3. Куп на Македонија за сениори
4. Државно првенство за кадети, јуниори и помлади сениори (јуниори до 21 година)
5. Подготовки на репрезентативци:
   - Сениорска репрезентација
   - Сениорска репрезентација
   - Кадетско јуниорска и У-21 репрезентација

ФИНАНСОВ ПЛАН НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Во наредната 2023 година ќе се организираат следните национални првенства, подготовки на репрезентациите:

1. Државно првенство за сениори 250.000 денари
2. Државно првенствона натпреварувачи од 11-14 години 200.000 денари
3. Државно првенство за кадети, јуниори и помладин сениори (јуниори до 21 година) 350.000 денари

Во организација на Државно првенство се пресметани средствата потребни за исплата на судиски лица, наем на сала, набавка на диплома, медали и останати потреби за организацијата на натпреварите.

РЕКАПИТУЛАЦИЈА:

	НАСТАН	**МЕСТО**	**ДАТА**	**СРЕДСТВА, ДЕНАРИ**
1.	Државно првенство за сениори	Конкурс	ФЕВРУАРИ	300.000,00
2.	Државно првенство за деца	Конкурс	АПРИЛ	200.000,00
3.	Државно првенство за кадети, јуниори и помлади сениори (јуниори до 21 година)	Конкурс	НОЕМВРИ	350.000,00
4.	Подготовки на репрезентации	/	/	2.650.000,00
		ВКУПНО		**3.500.000,00 денари**

МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА ЗА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

Во наредната 2023 година КФРСМ планира да ги реализира следните официјални првенства:

1. СКФ Серија А 13-15.01.2023 Атина, Грција
2. СКФ Премиер лига 27-29.01.2023 Каиро, Египет
3. Европско првенство за кадети, јуниори и У21 03-05.02.2023 Ларнака, Кипар
4. СКФ Младинска лига 23-26.02.2023 Фуџаирах. ОАЕ
5. СКФ Серија А 10-12.03.2023 Коња, Турција
6. Европско првенство за сениори 22-26.03.2023 Гвадалахара, Шпанија
7. СКФ Серија А 14-16.04.2023 Ричмонд-Ванкувер, Канада
8. СКФ Младинска лига 27-30.04.2023 Ла Коруна, Шпанија
9. Медитеранско првенство 05-07.05.2023 Тунис, Тунис
10. СКФ Премиер лига 12-14.05.2023 Рабат, Мароко
11. Балканско Првенство за деца 26-28.05.2023 Хрватска
12. СКФ Премиер лига 09-11.06.2023 Фукуока, Јапонија
13. СКФ Младински камп 26-29.06.2023 Пореч, Хрватска
14. СКФ Младинска лига 29.06-02.07.2023 Пореч, Хрватска
15. Европски игри 30.06-01.07.2023 Краков, Полска
16. Медитерански игри на плажа 06-08.09.2023 Хераклион, Грција
17. СКФ Премиер лига 08-10.09.2023 Даблин, Ирска
18. СКФ Младинска лига 21-24.09.2023 Мексико

19. Балканско првенство за сениори и ветерани 22-24.09.2023 Тирана, Албанија

20. СКФ Серија А 29.09-01.10.2023 Ларнака, Кипар

21. Светски Боречки игри 21-22.10.2023 Ријад, Саудиска Арабија

22. Светско Првенство за Сениори 24-29.10.2023 Будимпешта, Унгарија

23. Балканско првенство за кадети, јуниори и У21 17-19.11.2023 Словенија

24. СКФ Серија А 24-26.11.2023 Матосинхос, Португалија

25. Балканско првенство за клубови 01-03.12.2023 Србија

26. СКФ Младинска лига 07-10.12.2023 Венеција, Италија

ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

1. Европско првенство за јуниори, Ларнака, Кипар од 03.02. – 05.02.2023

Место: Ларнака, Кипар

Време на одржување: 03.02. – 05.02. 2023 година

Очекуван број на учесници: 50-52 држави околу 1000 натпреварувачи

Борби:

-Кумите машки под 21 година (18, 19, 20 години) (-60, -67, -75, -84, +84кг)

-Кумите девојки под 21 година (18, 19, 20 години) (-50, -55, -61, -68, +68кг)

-Кумите машки јуниори (16 и 17 години) -55, -61, -68, -76, +76кг

-Кумите девојки јуниори (16 и 17 години) -48, -53, -59, +59кг

-Кумите машки кадети (14 и 15 години) -52, -57, -63, -70, +70кг

-Кумите девојки кадети (14 и 15 години) -47, -54, +54кг

Кати:

-Ката машки јуниори до 21 година поединачно (18-21 година)

-Ката девојки јуниорки до 21 година поединечно (18-21 година)

-Ката машки јуниори поединечно (16 и 17 години)

-Ката девојки јуниори поединечно (16 и 17 години)

-Ката машки кадети поединечно (14 и 15 години)

-Ката девојки кадети поединечно (14 и 15 години)

-Ката екипно кадети/јуниори машки (14-17 години)

Потребни средства:

1. Подготовки = 315.000 денари
2. Патни трошоци = 400.000 денари
3. Трошоци за сместување и исхрана = 1.050.800 денари
4. Котизација за натпревар = 185.400 денари

Вкупно 1.951.200 денари

2. Европско првенство за сениори, Гвадалахара, Шпанија од 22.03. – 26.03.2023

Место: Гвадалахара, Шпанија

Време на одржување: 22.03. – 26.03. 2023 година

Очекуван број на учесници: 50-52 држави околу 1150 натпреварувачи

Борби:

-Машки кумите екипно (+18 години) (5+2)

-Девојки кумите екипно (+18 години) (3+1)

-Машки кумите поединечно (+18 години) (-60, -67, -75, -84, +84кг)

-Девојки кумите поединечно (+18години) (-50, -55, -61, -68, +68кг)

Кати:

-Машки ката поединечно (+16 години)

-Девојки ката поединечно (+16 години)

-Машки ката екипно (+16 години)

-Девојки ката екипно (+16 години)

Потребни средства:

1. Подготовки = 360.000 денари
2. Патни трошоци = 500.000 денари
3. Трошоци за сместување и исхрана = 600.000 денари
4. Котизација за натпревар = 100.000

Вкупно 1.560.000 денари

ФИНАНСОВ ПЛАН
НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
01.01.2023 - 31.12.2023 год.

ПЛАНИРАНИ И ОЧЕКУВАНИ ПРИХОДИ:
==========

1. Пренесен вишок на приходи од предходна година	642.714,00
2. Трансфери од Агенција за млади и спорт	
I. Средства за меѓународна програма	
II. Средства за функционирање на национален систем	
III. Средства за стручна работа …….....	
3. Приходи од МОК	
4.Приходи од спонзорства	
5. Приходи од уплати за регистрација и котизација	800.000,00
6. Приходи од уплатени членарини	524.400,00
7. Приходи од уплати за тренерски семинар-лиценци	16.000,00
8. Приходи од уплати за судиски семинар	34.500,00
9. Приходи - разно	45.000,00

Вкупно планиран приход по точка 1,5,6,7,8 и 9 = 2.062.614,00 денари
Износот на средствата од точка 2 и 3 ќе бидат утврдени по добивање информација од Агенцијата за млади и спорт, за што ќе се потпишат договори со КФРСМ.
Извршниот одбор за реализација на Програмата за работа во 2023 година, согласно актите на КФРСМ, ќе обезбеди приходи од спонзорства и други извори во износ кој се јавува како разлика од обезбедените приходи од точка 1,2,3,4,5,6,7,8 и 9, а кое ќе биде утврдено по добивање на информација за одобрени средства од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија и Македонскиот олимписки комитет.

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ:
==========

1. Национална програма 3.500.000,00
2. Меѓународна програма 3.511.200,00
3. Програма за функционирање на Федерацијата 933.360,00

Вкупно планиран расход по точка 1,2 и 3 = 7.944.560,00 денари
Приход-Расход = - 5.881.946,00 денари

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 25, согласно член 19 став 2 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор, по пат на електронско изјаснување, на ден 03.02.2023 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Се усвојува на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија да му се предложи да донесе одлука за престанување на членството во Федерацијата со бришење од евиденција на следните Карате клубови:

АБЦ-Струмица, Академија Македонија-Скопје, Акебоно-Скопје, Бале-Скопје, Балкан-Скопје, Бонсаи-Скопје, Вадо Каи Дитас-Скопје, Витез-Скопје, Водно-Скопје, Гезими с. Отља-Љипково, Гемиции-Велес, Гив Скопје-Скопје, ДО Академија-Скопје, Драгон-Ресен, Езимит Вино-Штип, Ипон-Кочани, Ичибан-Скопје, Кавадарци-Кавадарци, Каратедо-Скопје, Кендо-Велешта, Кичево-Кичево, Кјокушикаи Хонбу Македонија-Скопје, Кларион-Скопје, ЈКА Самурај-Скопје, Крива Паланка-Крива Паланка, Лујза-Скопје, Маваши-Тетово, Македонија-Велес, Малеш-Берово, Мерис-Скопје, Мирче Ацев-Скопје, Неметали-Струмица, Ника-Скопје, Нико Робин-Гостивар, Огражден-Струмица, Општински сојуз Прилеп-Прилеп, Пелистер-Битола, Прилеп Баше-Прилеп, Пролет-Скопје, Санбон-Скопје, СЕЕ Университи-Тетово, Сенсеи-те-Кичево, Скардуси-Тетово, Струмица-Струмица, Студент-Скопје, Фудо-Струмица, Фудошин-Охрид, Црна река с. Бучин-Крушево, Шираи-Скопје, Шихан-Струмица, Шкорпион-Велес, Карате Лукас-Прилеп, Ринија-Кичево, Ронин-Прилеп, Будокаи-Ростуше, Бушидо-Велес, Гостивар Сенсеи Гостивар, Дора-Скопје, Камиказе-Тетово, УНСУ-Куманово.

2. Предлогот се темели на примена на одредбите од член 19 став 1 алинеја 4 (неплаќање на членаринатa повеќе од една година) и 5 (неучествување во активностите на Федерацијата повеќе од две години) од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија.

3. Предлогот од точка 1 од оваа Одлука да се достави до членовите на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија за донесување на Одлука за престанување на наведените карате клубови на членството во Федерацијата со бришење од евиденција.

Извршен одбор на КФРСМ
Претседател
Петар Белистојаноски

Врз основа на член 16 став 4 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор, по пат на електронско изјаснување, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Ме се предлага на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија, бидејќи се исполнети условите пропишани во член 16 став 2 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, да ги прими во членство на Федерацијата следните спортски здруженија:

- КК Дојран од Дојран;
- КК Дибра од Дебар;
- КК Пирок од с. Пирок, Тетово;
- КК Пулексенија од Скопје;
- КК Кхалид, с. Џепиште, Тетово;
- КК Окинава 2023, Скопје;
- Спортско здружение Карате Ветерани;
- Спортско здружение Судии во карате спортот;
- Спортско здружение Тренери во карате спортот и
- Спортско здружение Спортисти во карате спортот

кои со одлука на Извршниот одбор се стекнаа со статус на привремен член во Карате федерацијата на РС Македонија.

2. Оваа Одлука да се достави до членовите на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија за донесување на Одлука за прим во членство на наведените здруженија.

Извршен одбор на КФРСМ
Претседател
Петар Белистојаноски